# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.1/2013
## 25.01.2015 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11 и 6/11), Градоначалникот на општина Неготино донесе

### З А К Л У Ч О К
### За објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански објект на КП 2479 КО Неготино - Општина Неготино

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански објект на КП 2479 КО Неготино - Општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2013 година.

Бр.08_69/1
25.01.2013

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Пане Трајков**

Врз основа на член 22 и 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ„ број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10,18/11 и 53/11), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 24.01.2013 година донесе

# ОДЛУКА

## За утврдување на Нацрт-Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански објект на КП 2479 КО Неготино - Општина Неготино

Член 1

Се донесува Одлука за За утврдување на Нацрт-Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански објект на КП 2479 КО Неготино - Општина Неготино.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е графичкиот приказ со тех.број 2787 од декември 2012 изработен од „Дизајн центар инжинеринг„ Трајче дооел Кавадарци кој се наоѓа во просториите на Општина Неготино.

Член 3

Да се спроведе Јавна анкета и Јавна презентација на Нацрт-Планот, организирана од страна на Градоначалникот на Општина Неготино.

Член 4

Нацртот на Планот за време на Јавната анкета и Јавната презентација да биде изложен на јавно место и презентиран во јавните гласила.

Член 5

Ова одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Неготино„.

Бр.07_50/3
24.01.2013 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Сашо Николов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11 и 6/11), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за една парцела КП 11024 КО Неготино - Општина Неготино**

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за една парцела КП 11024 КО Неготино - Општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2013 година.

Бр.08_69/2
25.01.2013

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Пане Трајков**

Врз основа на член 22 и 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/11, 18/11 и 53/11), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 24.01.2013 година донесе

# ОДЛУКА

## За утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за една парцела КП 11024 КО Неготино - Општина Неготино

Член 1

Се донесува одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за една парцела на КП.бр. 11024 КО Неготино-Општина Неготино.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е графичкиот приказ со тех.број 2808 од декември 2012 година изработен од ,,Дизајн центар Инжинеринг,,Дооел Трајче Кавадарци.

Член 3

Да се спроведе Јавна анкета и Јавна презентација на Нацрт-Планот, организирана од страна на Градоначалникот на Општина Неготино.

Член 4

Нацртот на Планот за време на Јавната анкета и Јавната презентација да биде изложен на јавно место и презентиран во јавните гласила.

Член 5

Ова одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Неготино,,.

Бр.07_50/4
24.01.2013 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Сашо Николов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11 и 6/11), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на сепаратно построение и други помошни придружни објекти на кп.бр.353 и кп.бр356 КО Криволак во Општина Неготино**

Се објавува Одлуката за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на сепаратно построение и други помошни придружни објекти на кп.бр.353 и кп.бр356 КО Криволак во Општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2013 година.

Бр.08_69/3
25.01.2013

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Пане Трајков**

Врз основа на 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( „Сл.весник на РМ„ бр. 51/05,137/07,91/09,124/10,18/11 и 60/11), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 24.01.2013 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. Советот на Општина Неготино ја прифаќа иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на сепаратно построение и други помошни придружни објекти на кп.бр.353 и кп.бр356 КО Криволак во Општина Неготино.

2. Се задолжува општинската администрација да ги изврши сите подготвителни работи за отпочнување на постапката за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на сепаратно построение и други помошни придружни објекти на кп 353 и 356 КО Криволак Општина Неготино.

3. Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе биде објавен во „Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.07_50/5
24.01.2013 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Сашо Николов**

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 1/2013

1. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански објект на КП 2479 КО Неготино - Општина Неготино Стр.1

2. Одлука за утврдување на Нацрт-Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански објект на КП 2479 КО Неготино - Општина Неготино Стр.2

3. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за една парцела КП 11024 КО Неготино - Општина Неготино Стр.3

4. Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за една парцела КП 11024 КО Неготино - Општина Неготино Стр.4

5. Заклучок за објавување на Одлуката заприфаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на сепаратно построение и други помошни придружни објекти на кп.бр.353 и кп.бр356 КО Криволак во Општина Неготино Стр.5

6. Одлуката заприфаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на сепаратно построение и други помошни придружни објекти на кп.бр.353 и кп.бр356 КО Криволак во Општина Неготино Стр.6